СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 јули 1993 година

Скопје, јули 1993 година

**ШЕЕСЕТ И ШЕСТА (66) СЕДНИЦА – ПРВО ПРОДОЛЖЕНИЕ,**
**ОДРЖАНА НА 30.VII.1993**


1. ГОШЕВ ТУШЕ   4, 7, 10
2. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР   20
3. ЖУТА БЕЌИР   6
4. КРСТЕВСКИ НИКОЛА   6, 15
5. ЛУЛОВОКИ КОЛЕ      8
6. ПЕТКОВСКИ ТИТО   1
7. ПОПОВСКИ ЉУПЧО   21
8. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ   12
9. ФАЗЛИУ АГИМ   2


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на 66-та седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 30 јули 1993 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, потпретседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

На денешното продолжение на седницата пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Ферид Садику, Џелил Таири, Цветан Јовчевски, Симеон Ивановски, Душан Арсовски, Ванчо Златанов, Васил Зимбаков и Благоја Чкатроски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ве известувам дека група пратеници од Пратеничката група на ПДП предлагаат на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Го молам еден од предлагачите на Законот да ја образложи основната и неодложната потреба од итно донесување на овој закон.

Инаку, Законот ви е поделен не водиме расправа по содржината на Законот, туку сега само за предлогот.

I/2.- СП-ВБ

Има збор господинот Халити.

Се извинувам господине Халити, но овде пишува дека предлагачи се Насер Зибери, Исмет Рамадани, Агим Фазлиу, Мерсим Положани и Неим Селмани.

Молам еден од предлагачите да го образложи.

Има збор господинот Агим Фазлиу.

**АГИМ ФАЗЛИУ:**

Бидејќи како пратеничка група баравме и бараме заедно со Законот за избор на пратеници и одборници да оди и Законот за изборните единици од причина што цело време сметавме и сеуште сметаме дека како партија бевме оштетени во првите повеќепартиски избори со постојниот закон за изборните единици и ова е причината што предложивме закон и бараме Собранието по итна постапка да се примени иста процедура како и за другите закони и за Законот што го предложивме за изборните единици.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на група пратеници од Пратеничката група на ПДП Законот за изменување и дополнување на Законот за изборните единици, молам да крене рака?

Бидејќи не отвораме расправа по ова, некој од претставниците на Владата ако има мислење, инаку предлогот деловнички веднаш се става на гласање, не се отвора расправа.

Кој е за предлогот на група пратеници од Пратеничката група на ПДП Законот за изменување и дополнување на Законот за изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија да се донесе по итна постапка, молам да крене рака? (48).

За Предлогот гласаа 48 пратеници.

Кој е против? (5)

Кој се воздржува од гласање? (6)

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на група пратеници од Пратеничката група на ПДП.

Бидејќи тука застанавме, но процедурално бара збор господинот Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници еден од тие што не гласаше по претходниот закон сакам индиректно фактички да го образложам, не е тоа образложение, сметам процедурално да кажам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Луловски сега утврдуваме дневен ред, таа точка е изгласана и тоа влезе во дневниот ред. Ве молам, ќе си го кажете своето мислење кога ќе отвориме расправа по Законот.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Сакам да протестирам поради тоа што на претходниот закон понуден вчера од пратеникот Кирил Ковачевски мислење даде Владата, а сега за понудениот закон во овој случај не го слушнавме мислењето на Владата. Поради тоа не гласав.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Владата до моментот на расправа ќе си даде мислење. Во врска со ова немаме расправа. Процедурално бара збор господинот Трајковски.

I/4.-

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници ова што се случи сега тоа е ....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам во врска со тоа не отвораме расправа.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Потпретседателот Тито Петковски седницата ја води на чисто криминален начин.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, имате право по Деловниот и користете го тоа право. Има збор господинот Туше Гошев, министер во Владата.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата што сметаше тоа го предложи и останува на тоа што и вчера го реков.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Според тоа, бидејќи предлогот на претседателот до 20-та точка од дневниот ред го слушнавте, јас ќе продолжам само со оние точки што дополнително влегоа во дневниот ред.

21. Информација за состојбите и проблемите во аграрот како последица од сушата.

22. Информација за настаните и состојбите во РЕК Битола предизвикани од штрајкот и хаваријата.

23. Предлог за донесување на закон за посебни давачки при увоз на земјоделски и прехранбени производи.

24. Информација за актуелните состојби во развојот на спортот во Републиката.

I/5.-

25. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за радио-дифузијата, со Предлог на закон.

26. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за прекршоците, со Предлог на закон.

27. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за стопанските престапи, со Предлог на закон.

28. Предлог на закон за изменување на Законот за избирачките списоци.

29. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот аз изборните единици и за избор на пратеници во Собранието на СРМ.

Молам, кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (52).

52 пратеници гласаа за дневниот ред.

Молам, кој е против? (2)

Кој се воздржува од гласање? (5)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

(Негодување дека нема кворум)

Некој сигурно не гласал, а во салата има преку 68 пратеника.

Ве известувам дека потпретседателот на Собранието на Република Македонија господинот Киро Поповски одржа состанок со претставници на политичките партии кои не се застапени во Собранието.

На оваа средба претставниците на овие партии ги изнесоа своите мислења, забелешки и предлози по Законот за изменување. и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, Законот за избор на претседател на Република Македонија и Законот за политичките партии, што се презентирани во Белешката што Ви е поделена.

I/6.-

Минуваме на **точката 1** од дневниот ред - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници.

Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за општествено - политички систем и ЗПК, ви се доставени односно поделени. Господинот Крстески бара процедурално.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Во однос на редоследот на точките Комисијата за избори и именувања имаше доставено во писмена форма да одат прво Предлог - одлуките за избор и делегирања, бидејќи се насрочени, а одредени јубилеи веќе поминаа , од точка 11 до точка 17. Таква пракса имавме и на претходните седници. Предлагам прво да оди точката 11 па до точката 17 што значи само промена на редоследот.

Бидејќи по деловникот има предвидено одмор на Собранието па сите рокови ќе се пропуштата и без функција ќе бидат одлуките.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам овој предлог да го прифатиме, бидејќи и онака ќе имаме потреба за една пауза за Комисијата, а ние ќе продолжиме да работиме. Тоа се ЗПК и Комисијата за политички систем ќе треба да заседаваат и мислам дека нема причина да не го прифатиме овој предлог.

Дали има уште некој предлог за измена на редоследот?

Има збор Беќир Жута, потпретседател на Владата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Овие две одлуки, не се сеќавам како се утврдени во редоследот на дневниот ред, но со оглед дека се од итна природа и периодичните пресметки не можат да бидат составени доколку денеска Собранието

истите не ги утврди, јас би молел да бидат како први точки на денешната седница пред да преминеме по другите точки од дневниот ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, дали се согласувате со овој предлог?

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Благодарам.

Тогаш предлагам да го ислушаме претставникот на Владата по оваа точка после тоа ќе дадеме пауза односно можност двете комисии да заседаваат, а ние ќе продолжиме со работа.

Има збор господинот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, Денес пред вас се наоѓа за донесување пакет на закони од политичкиот систем на Република Македонија. Тоа се Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на одборници , со Предлог на закон и за избор на претседател на РМ, со предлог на закон , и Предлог за донесување на закон за политички партии, со Предлог на закон и трите закони Владата ги достави, а вие ги прифативте да се донесат по итна постапка.

Во врска со донесувањето на овие предлози на закони чии текстови ги утврдува Владата на Република Македонија се чувствува потреба да се дадат одредени појаснувања по некои прашања сврзани за донесувањето на овие закони.

Првото прашање за кое сметам дека треба да се даде појаснување тоа е зошто Владата на Република Македонија се определи за предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, со Предлог на закон, а не да

поднесе целосен закон за изборите.

Оценка е дека постојниот закон надограден со предложените измени и дополнувања обезбедува спроведување на демократски избори во Република Македонија и афирмација на повеќепартискиот систем на Републиката.

Исто така, со измена и дополнувањето на постојната законска нормативa се обезбедува изборниот систем и изборните принципи да се сообразат и да се во функција со соодветните механизми на уставното уредување на Република Македонија и тоа во однос на избор на пратеници во Собранието на Републиката, како и нејзино единствено и највисоко законодавно тело и избор на одборници на собранијата на општините и Собранието на градот Скопје, како органи на локалната самоуправа. Со тоа може афирмативно да се изрази дека Законот изменет и дополнет со предложените измени и дополнувања го потврдува основниот уставен принцип и самиот политички облик на уредување на државата.

Основните принципи врз кои е заснован Законот го афирмираат правото на граѓаните со еднакво, непосредно и тајно гласање да го вршат изборите на пратеници и одборници. Тоа право да избира и да биде избран го има секој граѓанин што наполнил 18 години има деловна способност и биде истакнат за кандидат и избран под услови на начин утврден со закон.

Принцип е што никој не смее по било кој основ да го лиши од правото на гласање граѓанинот што има избирачко право да го спречи да гласа и да го повика на одговорност поради гласањето ниту од него да бара да каже за кого гласал или зошто не гласал.

I/9.-

Принцип е правото да предлагаат кандидати односно листи на кандидати за пратеници граѓаните политичките партии и другите облици на здружување на граѓаните под услови и на начин утврден во Законот.

Изборот на пратеници се врши по изборни единици определени со закон или на територијата на Република Македонија, како единствена изборна единица со мнозинство на гласови на избирачите утврдени со закон.

Принцип е исто така дека избори^е на пратениците се полноважни ако гласале повеќе од половината од вкупниот број избирачи запишани во општиот избирачки список на изборната единица.

Понатаму, принцип е што функцијата пратеник е неспоива со вршењето на одредени функции и неизбирливаво вршењето на одредени државни функции во државната власт, а тоа во вооружените сили и во органите на државната безбедност.

**ТУШЕ ГОШЕВ:** (продолжение)

Значајна новина претставуваат применетите измени системи во законот. Имено, законот се применува за комбиниран изборен систем и тоа мнозински систем и систем на пропорционалното претставништво. Ваквата комбинација и тоа во односи блиски или идентични применети во овој закон се карактеристични за изборите во повеќе граѓански и демократски земји, земји во Западна Европа, како што се на пример, Шпанија, Франција, Германија, Австрија и сл.

Применетиот мнозински принцип се карактеризира по тоа што обезбедува брзо и сигурно воспоставување на власта и функционирање на политичкиот систем и на мнозинската демократија, а исто така и постоеше на опозиција што исто така е мошне позитивен елемент бидејќи се обезбедуваат аспектите на критичка опсервација на утврдената политика наВалдата, во развој на демократските односи во земјата и спроведувањето на законите.

Од пропорционалниот систем, од познатите подсистеми како што се комулативниот систем, систем на ограничено гласање, систем на еднаков број, систем на изборен количник, донтоновиот систем,систем на бадемскиот устав и други, предлогот за изменување на законот се определува за систем на еднаков број во кој делата држава претставува една изборна единица, затоа што доколку овој систем би бил применет во други помали изборни единици тоа би било премногу раздробено и во крајна линија би се создала ситуација, ни во една единица да не биде избран ниту еден пратеник.

Денес во светот се познати добрите и лоши страни на претставничкиот систем и затоа во комбинираните ситуации како што се предлага со овој закон приоритет има мнозинскиот систем бидејќи ја обезбедува волјата на граѓаните како израз на демократската сувереност на граѓаните.

II/2.-

Што се однесува до предлогот за донесување на закон по итна постапка за избор на претседател на Републиката и овие решенија во основа се познати затоа што во најголем дел истите се содржани во Уставот на РМ, а овој закон со незнатни дополнувања всушност ја операционализира таа материја.

Што се однесува до законот за политичките партии со тој закон се уредува постојното политичко делуваее во РМ со тоа што одделни новини се однесуваат на запишувањето во судскиот регистар, што го води окружниот суд во Скопје и распоредувањето на средства сразмерно со бројот на гласовите на постојните избори и на бројот на пратениците кои ќе ги имаат во парламентот.

Значајни но позитивни прифатени се и другите решенија од сите европски земји во светот.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи се договоривме за редоследот на точките на дневниот ред предлагам да поминеме на деветта точка, сега прва точка е

Предлог на одлука за изменуваше на одлуката за стапките и основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување во Македонија.

Предлогот на одлуката и извештаите на Законодавно - правната комисија и на Комисијата за здравство Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Пратеникот Симеон Ивановски поднесе амандман на член 1 за биршење на ставот 3 и на член 2, по кој Владата не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за бришење на ставот 3 поднесен од патеникот Симеон Ивановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

(пратеникот Флоровски од место реагира во врска со дневниот ред) Па ние се согласивме кога го прочита дневниот ред и гласавме.

Повелете господине Хајредини.

Молам, службите да подготват и поделат пречистен текст на дневниот ред.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, Владата не го прифаќа амандманот предложен од господинот Симеон Ивановски. Со оваа измена на одлуката само со прилагодува стапката на овој вид осигурување на новата основица што е воведена во оваа држава по донесувањето на законот за данокот од добивка, бидејќи категоријата доход дефинитивно е укината, оваа давачка дополнително осигурување за несреќа на работа и професионални болести се плаќаше 0,5 од доходот. Извршени се пресметки за да се добие иста односно исти средства во фондот за здравство по овој основ, да се плати 1,8 на добивката. Со оваа одлука не смее ништо други да се заменува, ниту може ставот да се брише што се предлага со амандманот, додека е на сила законот за здравствена заштита. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

7 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 за бришење на став поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

II/4.-

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа и овој амандман, а образложението е исто како и претходното.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 5 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

54 пратеници гласаа за.

Кој е против, молам? (Нема)

Кој се воздржува од гласање? (никој)

Пак некој не гласале, јас молам службата да преброи колку пратеници има во салата.

68 пратеници има во салата а 54 гласале, многу пратеници не гласале.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката аз изменување на одлуката за стапките и основците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување во Македонија.

II/5.-

**<u>Десетта точка, односно втора</u>** - <u>предлог на одлука за давање согласност на одлуката за изменување и дополнување на одлуката за основите и мерилата за формирање висината на придонесите за водостопанство.</u>

Одлуката за изменување на одлуката, новиот текст на одлуката за изменување на одлуката предлогот на одлуката за давање согласност на одлуката извештите на Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно - правната комисија и мислењето на Владата на РМ ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.
Молам кој бара збор? (никој)
Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.
Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

55 пратеници гласаа за.

Кој е против, молам? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека собранието ја донесе одлуката за давање согласност на одлуката за изменување и дополнување на одлуката за основите и мерилата за формирање на висината на придонесите за водостопанство.

**<u>Точка 11</u>** - <u>Предлог на одлука за разрешување и именување претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници.</u>

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

II/6.-

Кој е за, молам да крене рака? Очигледно е огромно мнозинството.

Кој е против молам? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Дванаесетта точка - Предлог на одлука за именување претседател на членови на Одборот за одбележување и прослава на 100 годишнината од основање на ВМРО.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Пратеникот Владимир Голубовски поднесе амандман на точка 1 под б), алинеја 32 по кој предлагачот не е произнесен.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 под б, алинеја 32 поднесен од патеникот Владимир Голубовски.

Го молам предлагачот односно претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господин Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Предложената измена е без основ бидејќи Владимир Голубвски ја предложил во рамките на комисија, случајно јас го предложив, по основ бидејќи го предложи и текстот на одлуката за одборот за 100 години од ВРМО. Мислам како пратеник е, и со она што бара уз неговото име и презиме да стои и неговата политичка партија и тоа е без основ бидејќи под политички партии од конституирање на Собрание до протоколот денешен е став на Собрание само оние партии кои учествувале на

II/7.-

избори или имаат претставници, сметам дека е без основ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

18 пратеници

Констатирам дев»амандманот на точка еден под б), алинеја 32 поднесов од пратеникот Владимир Голубовски.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

54 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување претседател и членови на одборот за одбележување и прослава на 100 годишнината од основањето на ВМРО.

**Точка 13** - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на републиката во Советот на заводот за рехабилитација на деца и младинци - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

II/8.-

Кој е против, молам? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одуката за разрешување и именување претставници на републиката во Советот на заводот за рехабилитација на деца и младинци - Скопје.

**Точка 14** - Предлози на одлуки за избор на членови на Конкурсни комисии за именување на индивидуални и работоводни органи и тоа:

- За избор на членови на конкурсната комисија за именување индивидуален раобтоводен орган на заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци, "Ранка Милановиќ Скопје и

за избор на членови на конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Заводот за рехабилитација на деца и младинци во Скопје.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

ОТВОРАМ ПРЕТРЕС

Молам кој бара збор? (никој)

бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Предлозите н а одлуките ги ставам на гласање:

Кој е за предлозите на одлуките, молам да крене рака?

56 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање (1)

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за избор на членови на Конкурсни комисии за именување индивидуални раоботоводни органи.

**Петнаесетта точка**. - Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Предлогот на одуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувампретресот

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

52 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

**Шеснаесетта точка** - Предлог на одлука за именување членови на Комисијата за именување индивидуален раоботоводен орган на економскиот факултет во Прилеп.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака?

55 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување членови на комисијата за именување индивидуален работоводен орган на Економскиот факултет во Прилеп.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на **точка 17** - Предлог на одлука за именување претставници на Републиката во Советот на Педагошката академија во Битола.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (55 пратеника).

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување претставници на Републиката во Советот на Педагошката академија во Битола.

Пред да дадам пауза предлагам да ја поминеме и точката 20.

Минуваме на **точката 20** - Предлог на автентично толкување на член 3 став 2 од Законот за продажба н а становите во општествена сопственост ("Службен весник на СРМ" број 36/90 и "Службен весник на РМ" број 62/92 - Пречистен текст "Службен весник на РМ" број 8/93).

Барањето, Предлогот на автентичното толкување и мислењето на Владата ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на автентичното толкување.

Молам, кој бара збор? (Никој) .

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (50 пратеници)
Дали има некој против? (нема)
Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе автентичното толкување на член 3 став 2 од Законот за продажба на становите во општествена сопственост "Службен весник на СРМ" број 36/90 и "Службен весник на РМ" број 62/92 - Пречистен текст "Службен весник на РМ" број 8/93)

Има збор Петар Георгиев.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувани пратеници, предлагам пред да одиме на пауза да ги разгледаме уште и точките 4,5 и 8 од причини што за точките 4 и 5 Комисијата за стопанство заклучи на првата наредна седница да бидат разгледани посебно точка 5 во делот на Спогодбата за трговија и економска соработка склучена со Владата на РМ и Руската Федерација. Сметам дека и точката 4 заслужува сега да биде разгледан затоа што после паузата имаме огромна работа по изборните закони па да го прочистиме дневниот ред она што можеме пред да одиме на пауза.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, молам во име на Комисијата за внатрешна политика и точката 7, тоа е Предлог за донесуваше на Кривичниот закон за РМ, бидејќи станува збор само за едно обично усогласување со паричните казни,

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлогот на г-динот Петар Георгиев го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (нема)

Го ставам на гласање предлогот на г-динот Љупчо Поповски

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака)

Дали има некој против?(1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (нема)

Констатирам дека можеме да работиме по дневниот ред како што предложија г-динот Петар Георгиев и г-динот Љупчо Поповски.

Минуваме на **точката 4** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Бугарија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство и Законодавно - правната комисија и Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(никој):

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за Ратификација на Договорот за соработка меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Бугарија.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвои.

Дали Собранието го усвојува предлогот ва оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој ве бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 2.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил претставникот на Владата.

Според тоа немаме амандман.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(62 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Ратификација на Договорот за соработка меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Бугарија.

Минуваме на **точката 5** – Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија и економска соработка склучена меѓу Владата на Република Македонија и Руската Федерација со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот извештаите на Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство и ЗПК и Комисијата за стопанство ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за Ратификација на Спогодбата за трговија и економска соработка склучена меѓу Владата на Република Македонија и Руската Федерација.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака)

Дали има некој против?(нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам опфатот претрес.

Отворам претрес по текстот по Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на насловот на законот.

Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство поднесе амандман на член 3.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Законот, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил претставникот на Владата.

Според тоа немаме амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство.

Со овој амандман се согласил претставникот на Владата

Според тоа немаме амандман.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(63 пратеници)

Дали има некој против?(нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за Ратификација на Спогодбата за трговија и економска соработка склучена меѓу Владата на РМ и Руската Федерација.

Минуваме на **<u>точка 6</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за емисија на административни и судски таксени марки со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК вис е доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за емисија на административни и судски таксени марки.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против?(нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(никој)

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 1 став 2 по кој Владата не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот во член 1, став 2 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифати овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(никој)

Дали има некој против? (пратениците креваат рака)

Дали некој се воздржува од гласање?(никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 2, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(50 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за емисија на административни и судски таксени марки.

Минуваме на <u>**точка 7**</u> - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Кривичниот закон на Република Македонија, со Предлог на закон</u>

Предлогот за донесуван>е на законот, со Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и ЗПК , Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Кривичниот закон на Република Македонија.

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против?(нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(никој).

Бидејќи ниој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е  за, молам да крене рака? (55 пратеници)

Дали има некој против?(никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Кривичниот закон ва Република Македонија.

Преминуваме на **<u>точка 8</u>** - <u>Предлог на закон за осигурување на имот и лица.</u>

Предлогот на Законот, Извештајот на ЗПК и Комисијата за финансирање и буџет, Ви е доставен односно поделен.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(никој)

Бидејќи никој ве бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член I и за додавање нов став 2 на член 6, член 68, член 74 и член 93 став 1; член 16 став 1 и 2; член 25 став 2; член 26 став 1 и на член 42 за бришење на ставот 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Петар Горѓев поднесе амандмани на член 103 став 1, и за додавање нов член 104, со кои се согласила Владата на Република Македонија и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

III/11

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот,

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (54 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(2 пратеника)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за осигурување на имот и лица.

Објавувам пауза.

Законодавно - правната комисија и Комисијата за политички систем ќе одржат седници во сала 81, односно 109.

Пауза до завршување на седниците на комисиите,

(паузата започна од 13,20 часот)